# С О О П Ш Т Е Н И Е

Комерцијална банка АД Скопје ги известува своите акционери дека почнувајќи **од 19 април 2010 година** ќе врши **исплата на дивидендата за 2009 година**.

Право на исплата на дивиденда за 2009 година имаат сите акционери на Комерцијална банка АД Скопје кои се евидентирани во книгата на акции **на 9 април 2010 година**.

Исплатата на дивиденда за 2009 година на правните лица ќе се врши со пренос на средствата на нивните сметки.

Средствата од дивидендата за 2009 година на физичките лица ќе бидат уплатени на нивните сметки во Комерцијална банка АД Скопје, освен за лицата кои имаат дадено овластување за пренос на дивидендата на сметка во друга банка. Во таков случај средствата од дивидендата за 2009 година Комерцијална банка АД Скопје ќе ги уплати на назначената сметка.

Физичките лица кои немаат отворено сметки во Комерцијална банка АД Скопје или не дале овластување, ќе треба за исплата на дивиденда за 2009 година да отворат сметки во Комерцијална банка АД Скопје или да дадат овластување за пренос на средствата од дивидендата во друга банка. Ова можат да го направат во сите филијали и експозитури на Комерцијална банка АД Скопје низ Републиката.

Дополнителни информации може да се добијат на телефонските броеви: 3213 277, 3107 163, 3107 162 и 3107 164.

Комерцијална банка АД Скопје